# БРИЕРОВИОТ СКОР И ПРЕДВИДУВАЧКИТЕ ТУРНИРИ

*Марко Димовски* [1], *Ирена Стојковска* [1]

[1] *Институт за математика, Природно-математички факултет, Скопје*

e-mail: mdimovski16@gmai.com, irena.stojkovska@gmail.com

Неизвесноста на идните настани и желбата да се знае што ќе се случи, кај секого го буди интересот за предвидување. Интересот е помасовен, ако исходите од тие настаните имаат глобално значење. „Дали Велика Британија ќе ја напушти Европската унија до 1 февруари 2020 година?“, „Дали Ирак ќе организира парламенталрни избри пред 1 декември 2020 година?“ и „Дали годишната стапка на инфлација во Еврозоната, за секој месец меѓу октомври 2019 година и декември 2020 година, ќе биде еднаква или поголема од 2%?“, се примери за геополитички прашања кои се поставуваат на предвидувачките турнири на кои индивидуалци или тимови се обидуваат да дадат нумеричка веројатносна проценка за нивна реализација.

Учесниците на еден предвидувачки турнир одговараат на $n$ прашања од глобален геополитички карактер. Потпирајќи се на свои или јавно достапни податоци, со помош на познати или нови предвидувачки методи и техники, тие ги изразуваат своите предвидувања во вид на веројатност за случување на одредениот настан. Предвидувачките турнири, од математички аспект, претставуваат одлична можност за тестирање на иновативни предвидувачки техники. Од политички аспект, тие може да послужат и како алатки за деполаризација на политичките дебати.

Победник на предвидувачки турнир е тимот кој има најголема предвидувачка способност, која пак се мери со помош на Бриеровиот скор. Иако Бриеровиот скор е дефиниран така да ги принудува предвидувачите да ги прикажуваат своите вистински предвидувања, а не да лажираат веројатности за да ја оптимизираат очекуваната вредност на скорот, сепак тој има и свои недостатоци.